## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 15 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/21) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 февруари 2022 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ЗА 2022 ГОДИНА

I

Средствата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2022 година во вкупен износ од 90.000.000,00 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21) раздел 14004 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата), потпрограма 20 – Финансиска поддршка во земјоделството, ставка 464 - разни трансфери во износ од 50.000.000,00 денари и согласно потпрограма 2А-Финансиска поддршка на рурален развој, ставка 489 - капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 40.000.000,00 денари, ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени со оваа програма и тоа за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка во рибарството | 13.300.000,00 |
| 2. | Финансиска поддршка во аквакултурата | 37.800.000,00 |
| 3. | Техничка помош | 1.100.000,00 |
| 4. | Пилот - проекти | 1.800.000,00 |
| 5. | Развој на нови пазари и промотивни кампањи | 1.000.000,00 |
| 6. | Пренесени обврски од Програмите за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата по однос на склучени договори и поднесени барања за исплата од 2020 и 2021 година | 35.000.000,00 |
| | Вкупно | 90.000.000,00 |

II

(1) Средствата од дел I точка 1 од оваа програма наменети за финансиска поддршка во рибарството во вкупен износ од 13.300.000,00 ќе се користат за реализација на следните активности:

| 1. | Финансиска поддршка во рибарството | | |
|---|---|---|---|
| | Мерка | Опис | Средства |
| 1.1. | Финансиска поддршка за порибување на риболовно подрачје Охридско Езеро со подмладок од Охридска пастрмка | 100% од прифатливи трошоци | 3.000.000,00 |
| 1.2. | Финансиска поддршка за порибување на риболовно подрачје Дојранско Езеро со подмладок од крап | 100% од прифатливи трошоци | 750.000,00 |
| 1.3. | Финансиска поддршка за порибување на риболовно подрачје Преспанско Езеро со подмладок од крап | 100% од прифатливи трошоци | 750.000,00 |
| 1.4. | Финансиска поддршка за порибување на риболовни зони | 100% од вредноста на набавениот подмладок | 300.000,00 |
| 1.5. | Риболовни пунктови – изградба на нови, реконструкција и адаптација на постоечки риболовни пунктови, надомест за услуга за користење на постоечки пунктови | 100% од вредноста на инвестицијата или од надоместот за услугата | 1.000.000,00 |
| 1.6. | Финансиска поддршка за рехабилитација на риболовни води со доградба, надградба и опремување на постоечките капацитети/мрестилишта за производство на репродуктивен и порибителен материјал | 100% од прифатливи/одобрени трошоци | 4.500.000,00 |
| 1.7. | Изградба и реконструкција на мандри за традиционален лов на риба на Дојранското Езеро | 100% од прифатливи/одобрени трошоци | 1.000.000,00 |
| 1.8. | Дополнителна заштита на рибите во риболовните води | 100% од прифатливи трошоци | 1.500.000,00 |
| 1.9. | Набавка на опрема за заштита на рибите во риболовните води | 100% од прифатливи трошоци | 200.000,00 |
| 1.10 | Финансиска подршка за отстранување на постоечките нарушувања на животната средина | 100% од прифатливи трошоци | 300.000,00 |
| | Вкупно | | 13.300.000,00 |

Средствата од став (1) потточка 1.1. од овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за изведување на активностите за вештачки мрест и порибување на риболовното подрачје Охридско Езеро со подмладок од охридска пастрмка предвидени во Програма за изведување

вештачки мрест и порибување на риболовното подрачје Охридско Езеро со активности за 2022/2023 година изработена од регистриран репроцентар за производство на репродуктивен и порибителен материјал.

(3) Средствата од став (1) потточки 1.2. и 1.3. од овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за изведување на активностите за вештачки мрест и порибување на риболовните подрачја Преспанско и Дојранско Езеро со подмладок од крап предвидени во Програми за изведување вештачки мрест и порибување на риболовните подрача изработени од регистриран репроцентар за производство на репродуктивен и порибителен материјал.

(4) Средствата од став (1) потточка 1.4. од овој дел се наменети за обезбедување на порибителен материјал и порибување на риболовните зони, како и за надомест на трошоци за обезбедување на порибителен материјал.

(5) Средствата од став (1) потточка 1.5. од овој дел се наменети за инвестиции во изградба на нови и реконструкција и адаптација на постоечки риболовни пунктови, како и за исплата на надомест за услуга за користење на постоечки пунктови кои се во приватна сопственост.

Средствата за изградба на нови и реконструкција на постоечки риболовни пунктови се наменети за инвестиции кои се однесуваат на:

- изработка или промена на урбанистички проект за определување на локација за изградба на риболовен пункт;
- изработка на проект за изградба на риболовен пункт;
- набавка на материјали за изградба и
- изведување на изградба на риболовен пункт.

Средствата за адаптација на постоечки риболовни пунктови (сопствени или сопственост на други правни или физички лица), а се наменети за инвестиции кои се однесуваат на подобрување на условите за истовар, манипулација, складирање и продажба на рибите од риболовниот пункт и тоа:

- обезбедување на довод на вода и електрична енергија;
- набавка на опрема за поправки и одржување на опремата во пунктот и риболовна опрема;
- опремување со компјутери за водење на евиденции;
- подобрување на работните и сигурносните услови и
- складирање и третман на отпадот.

Средствата за исплата на надомест за услуга за користење на постоечки пунктови се наменети за користење на пунктови кои се во сопственост на други правни или физички лица, а концесионерите ги користат за вршење стопански риболов.

(6) Средствата од став (1) потточка 1.6. од овој дел се наменети за рехабилитација, доградба, надградба и опремување на постоечките капацитети/мрестилишта за производство на репродуктивен и порибителен материјал во регистрираните репроцентри и тоа за:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект не повеќе од 3 % од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект;

- изградба и обновување на рибни базени - градежни работи;

- обновување на мрестилишна сала - градежни и занатски работи;

- обновување и опремување на рибни базени;

- набавка и инсталирање на опрема (филтри, апарати за аерација, UV стерилизатори, заштитни мрежи и друга потребна опрема);

- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за обновување и /или подигнување нови базени, кади, матични базени, одгледувалишта, растилишта и младичници;

- набавка на градежни материјали и елементи за конскструкција наменети за мрестилиште (инкубациска сала) и инкубација на икра, вклучително и опрема за мрестење и инкубација на икра (инкубатори и лежници);

- набавка на опрема за чување на храна и хранење на рибите;

- набавка на опрема за сортирање риба во мрестилишта;

- набавка на опрема за прочистување на влезни или испусни води (пумпи, филтри и цевки);

- набавка на опрема за транспорт на жива риба;

- набавка на опрема за аерирање на вода;

- оперативни трошоци за градење, инсталирање на елементи за конструкција и опрема, вклучително и софтвер;

- набавка и инсталирање на опрема за следење на хемиски карактеристики на вода;

- набавка на агрегат за струја и

- набавка на пумпи за вода на течни горива.

(7) Средствата од став (1) потточка 1.7. од овој дел се наменети за изградба на нови или обновување на постоечките објекти (мандри) за лов на риба на Дојранското Езеро и тоа за:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект не повеќе од 3 % од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект;

- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција и - изведба на работите.

(8) Средствата од став (1) потточка 1.8. од овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за дополнителна физичка заштита на рибите која се врши во време на природен мрест на рибите утврден во риболовната основа и донесеното решение за забрана на риболов по одделни риболовни води за периодот од 1 ноември 2021 година до 30 септември 2022 година.

(9) Средствата од став (1) потточка 1.8. од овој дел ќе се користат за надомест на направени трошоци и тоа за:

- услуги од трети лица (рибочувари) за физичка заштита на рибите во висина од не повеќе од просечна месечна бруто плата во дејноста по ангажирано лице;

- набавено гориво за пловни објекти во сопственост на концесионерот или даден на користење на концесионерот;

- набавено гориво за возила во сопственост или дадени на користење на концесионерот и

- изнајмување на пловни објекти од трети лица.

(10) Средствата од став (1) потточка 1.8. од овој дел по корисник во зависност од условите на теренот и големината на риболовната вода, не треба да го надминат износот од:

- 30. 000,00 денари - за заштита на риболовните ревири и рекреативни зони;
- 150.000,00 денари – за заштита на риболовни зони и
- 400.000,00 денари – за заштита на риболовни подрачја.

(11) Средствата од став (1) потточка 1.9. од овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за набавка на опрема за видео надзор на риболовните води.

(12) Средствата од став (1) потточка 1.9. од овој дел по корисник во зависност од условите на теренот и големината на риболовната вода, назависно од вредноста на инвестицијата не треба да го надминат износот од 30.000,00 денари.

(13) Средствата од став (1) потточка 1.10. од овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за изведување на акции за чистење на препреки и отстранување на цврстиот отпад од и до риболовните води.

(14) Средствата од став (1) потточка 1.10. од овој дел по корисник во зависност од условите на теренот и големината на риболовната вода, независно од вредноста на инвестицијата не треба да го надминат износот од 30.000,00 денари.

(15) Корисници на средствата од став (1) потточки 1.1., 1.2. 1.3. 1.4. и 1.6. од овој дел се субјекти – регистрирани репроцентри за производство на репродуктивен и порибителен материјал, кои изведуваат вештачки мрест и порибуваат риболовни води со определени видови риби.

(16) Корисници на средствата од став (1) потточка 1.5. од овој дел наменети за инвестиции за изградба на нови и реконструкција и адаптација на постоечки риболовни пунктови се единиците на локални самоуправи за реализирање на предвидениот предмет на работа или услуга (субјекти кои се избрани како најповолни понудувачи за реализирање на предвидената активност), а корисници на средствата за надомест за услуга за користење на постоечки пунктови се концесионерите на рибите.

(17) Корисници на средствата од став (1) потточка 1.7. од овој дел се единиците на локална самоуправа или концесионерите на риби за вршење стопански риболов на Дојранското Езеро.

(18) Корисници на средствата од став (1) потточка 1.8. 1.9. и 1.10 од овој дел се концесионерите на рибите од риболовните води.

(19) Корисниците на мерките од потточките 1.8 и 1.9 може да користат средства само за еден одреден период на природен мрест и забрана за риболов или за набавка на опрема за видео надзор.

III

(1) Средствата од дел I точка 2 од оваа програма наменети за финансиска поддршка во аквакултурата во вкупен износ 37.800.000,00 денари ќе се користат за:

| 2. | Финансиска поддршка во аквакултурата | | |
|---|---|---|---|
| | Мерки | Опис | Средства |
| 2.1. | Финансиска поддршка за инвестиции во аквакултурата | 50% од вредноста на инвестицијата | 7.800.000,00 |
| 2.2. | Финансиска поддршка за порибителен материјал | 40% од вредноста на набавен или сопствен подмладок | 30.000.000,00 |
| | Вкупно | | 37.800.000,00 |

(2) Средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел за инвестиции во аквакултурата се наменети за:

- изградба на нови капацитети за аквакултура,

- проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура;

- изградба на нови капацитети за преработка на рибите и

- набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на рибите.

(3) Средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел за инвестиции за изградба на нови капацитети за аквакултура, како и за проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура можат да бидат наменети за:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект за обновување и/или подигнување нови капацитети за аквакултура не повеќе од 3% од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект;

- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за обновување и/или подигнување нови капацитети за аквакултура (базени, кади) матични базени, одгледувалишта и гоилишта;

- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за мрестилиште (инкубациска сала) и инкубација на икра, вклучително и опрема за мрестење и инкубација на икра (инкубатори и лежници);

- набавка на кафези за кафезно одгледување на риба;

- набавка на платно за мрежи, набавка на мрежи за кафези и изработка на мрежи за кафезно одгледување;

- набавка на опрема за чување на храна и хранење на рибите;

- набавка на опрема за сортирање риба во рибници;

- набавка на опрема за складирање на риба во свежа состојба, односно опрема за замрзнување на рибите опремено со систем за испуштање на јаглерод диоксид или течен азот или фрижидери;

- набавка на ледомати;

- набавка на опрема за прочистување на влезни или испусни води (пумпи, филтри и цевки);

- набавка на опрема за транспорт на свежа риба;

- набавка на опрема за автоматско или полуавтоматско сортирање на риба;

- апарати за за додавање на течен кислород во водата;

- товарно возило со кабина и отворен товарен простор со носивост до 3000 kg;

- товарно моторно возило за транспорт на жива риба со носивост до 10 000 kg;

- цистерна до два тона вода, опрема за додавање на кислород во гасна состојба или течен кислород - распрскувачи, манометри, челични боци за складирање на кислородот или (специјализирано комплетно опремено возило за транспорт на жива риба);

- специјализирани товарни возила опремени со систем за ладење наменети за транспорт на свежа риба и носивост до 3000 kg;

- пловен објект (чамец) со максимална должина до 6 m и ширина до 2.5 m, со јачина мотор до 9 киловати;

- набавка на опрема за пратење на хемиските карактеристики на водата (присуство на растворен кислород, јаглероден диоксид, амонијак, сулфурдиоксид, pH и др.);

- набавка и монтажа на градежни материјали и опрема за производство на обновливи извори на енергија;

- набавка на агрегат за струја до 50 kw и

- оперативни трошоци за градење, инсталирање на елементи за конструкција и опрема, вклучително и софтвер.

(4) Средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел за инвестиции за изградба на нови капацитети за преработка на рибите можат да бидат наменети за:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект за подигнување нови преработувачки капацитети не повеќе од 3% од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект,

- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција и

- оперативни трошоци за градење и инсталирање на елементи за конструкција.

(5) Средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел за набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на риба можат да бидат наменети за:

- прием и чистење на рибата,

- обескостување и филетирање,

- димење (топло и/или ладно) на рибата,

- пакување и вакумирање на риба,

- опрема за ладење и одржување на полуготовиот и готовиот производ и

- оперативни трошоци за инсталирање на опрема вклучително и софтвер.

(6) Вкупната вредност на исплатени финансиски средства за инвестиции во аквакултурата од став (1) потточка 2.1. од овој дел не може да го надмине износот од 3.500.000,00 денари, за прифатени инвестиции од 7.000.000,00 денари, независно од вкупната вредност на инвестицијата.

(7) Средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел кои се исплаќаат по принцип на кофинансирање на реализирани инвестиции можат да се зголемат во следниве случаи:

- 55% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции, поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување на инвестицијата или жена носител на земјоделско стопанство,

- 60% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции, поднесени од носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје и

- 65% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции, поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост на денот на поднесување или жена носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје.

(8) Средствата од став (1) потточка 2.2. од овој дел се наменети за набавка или сопствено произведен порибителен материјал за насадување на рибниците во периодот од 1 февруари до 30 мај и од 1 јули до 30 септември 2022 година.

(9) Висината на вредноста на поддршката од став (1) потточка 2.2. од овој дел наменета за купен или сопствен подмладок ја утврдува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: Министерството) без разлика на набавната (фактурната) вредност на подмладокот и изнесува не повеќе од 40% од пазарната цена на подмладокот.

(10) Средствата од став (1) потточка 2.2. од овој дел се исплаќаат скалесто и тоа:

- за купен или сопствен подмладок до 2.500 кг – 100% од вредноста на утврдената цена на подмладокот;

- за купен или сопствен подмладок од 2500 кг до 5000 – 75% од вредноста на утврдената цена на подмладокот;

- за купен или сопствен подмладок од 5000 кг до 7500 – 50% од вредноста на утврдената цена на подмладокот;

- за купен или сопствен подмладок над 7500 – 25% од вредноста на утврдената цена на подмладокот.

(11) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел, наменети за изградба на нови капацитети за аквакултура се субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура и кои поседуваат или користат недвижен имот на кој планираат да изградат капацитет за аквакултура, или поседуваат дозвола за користење на вода за поставување на кафези во зоните предвидени за аквакултура.

(12) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел наменети за проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура се субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура и се запишани во Регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството.

(13) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел наменети за изградба на нови капацитети за преработка на рибите се микро, мали и средни претпријатија кои се регистрирани за дејност аквакултура и поседуваат или користат недвижен имот на кој планираат да изградат преработувачки капацитет.

(14) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел наменети за набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на рибите се микро, мали и средни претпријатија кои поседуваат или користат објект наменет за преработка на риби.

(15) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.2. од овој дел се субјекти кои поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал од рибник наменет за промет кои немаат увезено порибителен материјал и жива риба во периодот декември 2021 - декември 2022 година од видот риба за која поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал за сопствено насадување на рибникот, како и субјекти запишани во Регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството кои имаат купено подмладок од субјекти кои поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал од рибник наменет за промет и кои немаат увезено порибителен материјал и жива риба во периодот декември 2021 - декември 2022 година.

## IV

(1) Средствата од дел I точка 3 од оваа програма наменети за техничка помош во износ 1.100.000, 00 денари, ќе се користат за:

| 3. | Техничка помош | | |
|---|---|---|---|
| | Мерки | Опис | Средства |
| 3.1. | Размена на информации, зголемување на соработката и подигнување на свеста | 100% од вредноста | 500.000,00 |
| 3.2. | Изработка на риболовни основи | 100% од вредноста за изработка | 600.000,00 |
| | Вкупно | | 1.100.000,00 |

(2) Корисник на средствата од став (1) потточка 3.1 од овој дел е Министерството за размена на информации, зголемување на соработката и подигнување на свеста кои се однесуваат на подготвителни, административни и технички активности, како и активности за следење, процена и ревизија од областа на рибарството и аквакултурата.

(3) Корисник на средствата од став (1) потточка 3.2. од овој дел се овластени установи од областа на рибарството за надомест на трошоци за изработка на риболовни основи за одделни риболовни води.

V

(1) Средствата од дел I точка 4 од оваа програма во износ од 1.800.000,00 денари за развојни, истражувачки и апликативни пилот проекти особено се наменети за:

- зголемување на производството на риба,
- заштита на рибите и животната средина,
- развој на риболовниот туризам и
- за истражување на пазарот и маркетинг на риби и производи од риби.

(2) Вредноста на одобрените пилот проекти од став (1) од овој дел не може да го надмине износот од 300.000,00 денари по проект, назависно од вкупно предвидените средства за реализација на проектот.

(3) Корисници на средствата од ставот (1) од овој дел се овластени институции од областа на рибарството, научни и/или образовни установи од областа на рибарството, рибарски и риболовни здруженија, организации на производителите, концесионерите на рибите и вршителите на аквакултура.

(4) Доколку истражувачките и апликативните пилот проекти од став (1) од овој дел ги реализират рибарски и риболовни здруженија и организации на производители, концесионерите на рибите и вршителите на аквакултура, задолжително содржат соодветна научна верификација.

(5) Резултатите од пилот проектите финансирани од средствата од став (1) на овој дел задолжително се публикуваат во технички извештаи достапни за јавноста.

VI

(1) Средствата од дел I точка 5 од оваа програма наменети за Развој на нови пазари и промотивни кампањи во износ од 1.000.000,00 денари ќе се користат за:

| 5. | Развој на нови пазари и промотивни кампањи | | |
|---|---|---|---|
| | Мерки | Опис | Средства |
| 5.1. | Финансиска поддршка за промоција на рибарството | 100% од вредноста на прифатливи трошоци | 500.000,00 |
| 5.2. | Финансиска поддршка за маркетинг и промоција на аквакултурно производство | 100% од вредноста на прифатливи трошоци | 500.000,00 |
| | Вкупно | | 1.000.000,00 |

(2) Средствата од став (1) потточка 5.1 на овој дел се наменети за надомест на трошоци за организација на манифестации за промоција на производи од рибарството и аквакултурата со традиционална посебност.

(3) Средствата од став (1) потточка 5.2. од овој дел се наменети за надомест на трошоци за промоција и маркетинг на аквакултурното производство и/или учество на манифестации и саеми.

(4) Вредноста на финансиските средства од став (1) на овој дел не може да го надмине износот од 250.000,00 денари по корисник, независно од вкупната вредност на трошоците.

(5) Корисници на средствата од став (1) потточка 5.1. на овој дел се рибарски и риболовни здруженија и концесионерите на рибите.

(6) Корисници на средствата од став (1) потточка 5.2. од овој дел се субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура и се запишани во Регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството и организации на производители запишани во Регистарот на организации на произведители кој се води во Министерството.

## VII

(1) Средствата од дел I точка 6 од оваа програма се наменети за исплата на пренесени обврски од програмите за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата по однос на склучени договори и поднесени барања за исплата од 2020 и 2021 година во износ од 35.000.000,00 денари.

## VIII

(1) Барањата за склучување на договор за порибување на риболовното подрачје Охридско Езеро од дел II потточка 1.1. од оваа програма се доставуваат до Министерството, најдоцна до 31.8.2022 година. Кон барањето за склучување на договорот се доставува и Програма за изведување вештачки мрест и порибување на риболовното подрачје Охридско Езеро со активности за 2022/2023 година од дел II став (2) од оваа програма.

(2) Барањата за склучување на договор за порибување на риболовните подрачја Преспанско и Дојранско Езеро од дел II потточка 1.2. и 1.3 и за порибување на води без концесионер и риболовни зони од потточка 1.4. од оваа програма се доставуваат до Министерството, најдоцна до 30.4.2022 година. Кон барањето за склучување на договорот се доставуваат и Програмите за изведување вештачки мрест и порибување на риболовните подрача од дел II став (3) од оваа програма.

(3) Барањата за користење средства од дел II потточки 1.1. 1.2.1.3 и 1.4. ., дел IV потточка 3.2., дел V став (1) и дел VI став (1) од оваа програма се поднесуваат до Министерството, најдоцна до 5.12.2022 година.

(4) Барањата за користење на средства од дел II потточки 1.5., 1.6., 1.7. 1.8., 1.9. и 1.10, и дел III став (1) од оваа програма се поднесуваат до Агенцијата врз основа на рокови утврдени во објавен јавен повик.

## IX

(1) Исплатата на средства од дел II потточка 1.1. од оваа програма се врши по доставено известување од Министерството до Агенцијата на барање поднесено од регистрираниот репроцентар и по предходно склучен Договор за изведување вештачки мрест и порибување на Охридското Езеро во 2022/2023 година помеѓу Министерството и регистриран репроцентар. Средствата за подготвителните активности се исплаќаат авансно во висина од 100% со потпишување на Договорот, кој Министерството го доставува до Агенцијата во прилог на известувањето.

(2) Исплатата на средства од дел II потточки 1.2. и 1.3. од оваа програма се врши по фази по доставено известување од Министерството до Агенцијата на барање поднесено од регистрираниот репроцентар. Фазите се утврдени во Договор за изведување вештачки мрест и порибување кој Министерството го склучува со регистриран репроцентар. Средствата предвидени за првата фаза не треба да надминат 30% од вкупните средства и се исплаќаат авансно со потпишување на Договорот за изведување вештачки мрест и порибување, кој Министерството го доставува до Агенцијата во прилог на известувањето. Средствата предвидени за втората фаза се исплаќаат по нејзина реализација. Во прилог на барањето за исплата на втората фаза регистрираниот репроцентар доставува извештај за реализација и изјава за наменско искористување на средствата од првата и втората фаза, записник од државниот инспектор за земјоделство, Сертификат за здравствена состојба на животните, издаден од ветеринарното друштво и записник за извршена контрола на здаравствената состојба на подмладокот од официјален ветеринар. Известувањето за реализација на втората фаза Министерството го доставува до Агенцијата со потребните документи од доставеното барање.

(3) Средствата предвидени за втората фаза се исплаќаат по нејзина реализација. Во прилог на барањето за исплата на втората фаза регистрираниот репроцентар доставува извештај за реализација и изјава за наменско искористување на средствата од првата и втората фаза, записник од државниот инспектор за земјоделство, Сертификат за здравствена состојба на животните, издаден од ветеринарното друштво и записник за извршена контрола на здравствената состојба на подмладокот од официјален ветеринар. Известувањето за реализација на втората фаза Министерството го доставува до Агенцијата со потребните документи од доставеното барање.

(4) Исплатата на средствата од дел II потточка 1.4. од оваа програма се врши по извршено порибување. Министерството склучува договор за обезбедување на порибителен материјал и изведување на порибување со регистриран репроцентар. За исплата на средствата Министерството доставува известување до Агенцијата во чиј прилог е извештај за реализација на порибувањето и записник од Државниот инспекторат за земјоделство, Сертификат за здравствена состојба на животните, издаден од ветеринарното друштво и записник за извршена контрола на здравствената состојба на подмладокот од официјален ветеринар кои регистрираниот репроцентар ги доставува до Министерството во прилог на барањето за исплата.

(5) Исплатата на средствата од дел II потточки 1.5., 1.6., и 1.7. и дел III потточка 2.1. од оваа програма се реализира врз основа на одобрени барања за исплата по објавен јавен повик од Агенцијата. Агенцијата го објавува Јавниот повик не подоцна од 45 дена од денот на објавувањето на оваа програма.

(6) Исплатата на средствата од дел II потточки 1.8., 1.9. и 1.10, дел III потточка 2.2. и дел VI од оваа програма се врши врз основа на доставено барање со потребна документација по објавен јавен повик од Агенцијата. Во јавниот повик Агенцијата го утврдува рокот за поднесување на барањата и ја утврдува и објавува потребната документација која се приложува кон барањата за користење на средствата. Агенцијата го објавува Јавниот повик не подоцна од 45 дена од денот на објавувањето на оваа програма.

(7) Исплатата на средствата од дел II потточка 1.8., 1.9. и 1.10 од оваа програма се врши по одобрени барања за исплата и тоа за:

- вршење дополнителна физичка заштита на рибите во период од 1 ноември 2021 до 20 март 2022 година,

- вршење дополнителна физичка заштита на рибите во период од 1 април до 15 јули 2022 година,
- набавена опрема за видео надзор и

- изведени акции за чистење на препреки и отстранување на тврдиот отпад од и до риболовните води.

(8) Исплатата на средствата од дел III потточка 2.2. од оваа програма за насадување на рибниците со подмладок се врши по одобрени барања за исплата и тоа:

- за насадување на рибниците во периодот од 1 февруари до 31 мај и

- за насадување на рибниците во периодот од 1 јули до 30 септември.

(9) Исплатата на средствата од дел IV став 1 потточка 3.1. од оваа програма се врши врз основа на известување за исплата од Министерството, кое се доставува до Агенцијата, најдоцна до 20 декември 2022 година.

(10) Исплатата на средствата од дел IV потточка 3.2. и дел V од оваа програма се врши врз основа на известување за исплата по предходно спроведен јавен конкурс од Министерството, кое се доставува до Агенцијата, најдоцна до 20 декември 2022 година.

(11) Висината на финансиската поддршка по корисник за дел II точка 1 потточка 1.1. и 1.2. од оваа програма се определува во зависност од планираната количина порибителен материјал наменет за порибување.

(12) Контролите на барањата за користење на средства, барањата и известувањата за исплата кои се поднесуваат до Агенцијата врз основа на рокови утврдени во објавениот јавен повик, како и контролите на лице место ги врши Агенцијата.

X

Исплата на средствата од оваа програма по корисници ја врши Агенцијата на трансакциски или жиро сметки на барателите, најдоцна до 30 јуни 2023 година.

XI

Средствата предвидени со оваа програма се неповратни.

XII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-13788/1-21
15 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-
р **Artan Grubi**, с.р.